Предлагач: Група пратеници

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ШУМИТЕ,
ПО СКРАТЕНА ПОСТАПКА

Скопје, март 2025 година

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - Скопје
KUVENDI I REPUBLIKËS SË MAQEDONISË SË VERIUT - Shkup

| Примено / Pranuar | 06. 03. 2025 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. / Njësia Org. | Број / Numër | Прилог / Shtojcë | Вредност / Vlerë |
| 08 | 1534/1 | | |

ДО
ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИКА

Врз основа на член 71 од Уставот на Република Северна Македонија и членовите 139, 144 и 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, Ви поднесуваме Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот на шумите, по скратена постапка.

ПРАТЕНИЦИ:

Тони Јаревски
Сашо Јонев
Лијана Ивичевска
Педа Ликевска

В О В Е Д

## I.ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ

Со Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија“ број 64/2009, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16, 39/16 и 147/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 274/22 и 255/25), се уредува планирањето, управувањето, стопанисувањето, одгледувањето, заштитата и користењето, чувањето на шумите како природно богатство и шумското земјиште, остварувањето на општокорисните функции на шумите, правото и обврските на користење на шумите, финансирањето, како и други прашања од значење за шумите и шумското земјиште по принципот на биолошка, економска, социјална и еколошка прифатливост.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ РЕШЕНИЈА НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Одредбите од Законот за шумите, од неговото донесување до ден денес се неприменливи за определени постапки поради постоење на фактички пречки и обемни постапки за отпочнување со реализација на градба на објекти од јавен интерес за линиски инфраструктурни градби, во делот на трајната пренамена, каде е евидентна потребата од измена и дополнување на Законот за шумите.

Имајќи ги во предвид роковите за изградба на објектите од јавен интерес, а за кои со постоечките одредби од законот се одолговлекува постапката за добивање на одобрение за градба на истите поврзана претходно со постапката за трајна пренамена на земјиштето во делот на отстранување на надземната вегетација од градежните површини за да се дејствуваат брзо и одговорно се предлагат овие измени и дополнувања.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Предлогот на закон за изменување на Законот за шумите не предизвикува дополнителни финансиски последици врз Буџетот на Република Северна Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ И НАЧИНОТ НА НИВНОТО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, КАКО И ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Законот не предизвикува материјални обврски за други лица.

## V. СКРАТЕНА ПОСТАПКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Со оглед на тоа што не се работи за обемен и сложен закон, согласно член 175 од Деловникот на Собранието на Република Северна Македонија, се предлага овој закон да се донесе по скратена постапка.

ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ШУМИТЕ

Член 1

Во Законот за шумите („Службен весник на Република Македонија“ број 64/2009, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16, 39/16 и 147/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 274/22 и 255/25), во член 14-а во став (6) точката на крајот од реченицата се заменува со запирка и се додавааат зборовите: „освен за изградба на градби од јавен интерес утврден со закон како линиска инфраструктурна градба – државен пат, сечата и дотурот на дрвната маса може да ја врши и изведувачот или инвеститорот на градбата по претходно известување на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“.“.

Во став (7) зборовите: „ , Државниот инспекторат за шумарство и ловство“ се бришат.

Член 2

Во член 64 во ставот (5) зборовите: „одобрение за сеча“ се заменуваат со зборовите: „записник за извршена контрола на ознаката“.

Член 3

Во член 70 став (13) по зборовите: „осветлување на шумски патишта,“ се додаваат зборовите: „изградба, чистење и прочистување на Линиска инфраструктурна градба (јавен пат, државен пат, железничка инфраструктура, далновод, нафтовод, гасовод и други објекти кој можат да бидат надземни и подземни,“.

Член 4

Започнатите постапки за добивање согласност за трајна пренамена на шумско земјиште за изградба на објекти од јавен интерес како линиски инфраструктурни градби, јавен пат, железничка инфраструктура, далновод, нафтовод, гасовод и други објекти кои можат да бидат надземни и подземни, до денот на влегувањето во сила на овој закон, ќе завршат согласно со одредбите од овој закон.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

## I.ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОН

Во досегашниот период направени се поголем број на изменувања и дополнувања на овој закон кои се објавени во шумите („Службен весник на Република Македонија“ број 64/2009, 24/11, 53/11, 25/13, 79/13, 147/13, 43/14, 160/14, 33/15, 44/15, 147/15, 7/16, 39/16 и 147/17 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 274/22 и 255/25) се уредува планирањето, управувањето, стопанисувањето, одгледувањето, заштитата и користењето, чувањето на шумите како природно богатство и шумското земјиште, остварувањето на општокорисните функции на шумите, правото и обврските на користење на шумите, финансирањето, како и други прашања од значење за шумите и шумското земјиште по принципот на биолошка, економска, социјална и еколошка прифатливост.

Со предложените изменувања и дополнувања на Законот за шумите, со членот 1 се доуредува член 14-а во став (6) се додава „освен за изградба на градби од јавен интерес утврден со закон како линиска инфраструктурна градба - државен пат, сечата и дотурот на дрвната маса може да ја врши и изведувачот или инвеститорот на градбата по претходно известување на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“ ја допрецизираат и доуредуваат постапката за спровдување на фазите сеча и дотур во случј кога ЈП “Национални шуми“ ќе нема технича можност да ги изврши овие фази. Во ставот (7) Државниот инспекторат за шумарство и ловство се брише, а со членот 2 во членот 64 од Законот се допрецизира и дефинира постапката за одобрување со што се делегира надлежност за записничко констатирање и одобрување на претходно направена ознака од страна на ЈП “Национални шуми“.

Со членот 3 во член 70 став (13) од Законот се додаваат зборовите „изградба, чистење и прочистување на Линиска инфраструктурна градба (јавен пат, државен пат, железничка инфраструктура, далновод, нафтовод, гасовод и други објекти кој можат да бидат надземни и подземни,“ Во овој дел се олеснува постапката за чистење на бафер зоните околку шумските патишта и се скратуваат роковите за чистењето на трасите за шумски патишта, а се овозможува истите постапки да можат во една поедноставена процедура да се спроведуваат и за објектите за Линиска инфраструктурна градба.

Со член 4 се преодни завршни одредби се дефинира начинот на завршување на отпочнатите постапки

Со член 5 од овој закон се уредува денот на влегување во сила на законот.

## II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со донесувањето на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за шумите се овозможува дорегулирање на постапката за отстранувањето на целокупната вегетација на површината за градба на објекти од јавен интерес како и се прецизират извршителите на фазите сеча и дотур на дрвните сортименти од страна на една иситуција и ангажирање на надворешни извршители.

## III.ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИТЕ РЕШЕНИЈА

Со предложените изменувања и дополнувања во законот ќе се овозможи да се создадат законски поставки за спроведување на Законот за шумите, да се подобри ефикасноста на постапката за трајна пренамена и располагање со дрвната маса која е предмет на сеча и дотур.

ТЕКСТ НА ОДРЕДБИ ОД ЗАКОНОТ ЗА ШУМИТЕ, КОИ СЕ ШТО СЕ ИЗМЕНУВААТ И ДОПОЛНУВААТ

Член 14-а
Постапка за трајна пренамена

(1) За изградба на објекти од јавен интерес утврден со закон и за вршење на работи од јавен интерес утврден со закон, инвеститорот е должен да поднесе барање за добивање на согласност за трајна пренамена на шума и шумско земјиште од органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(2) Кон барањето за добивање на согласност за трајна пренамена на шума и шумско земјиште од ставот (1) на овој член, инвеститорот поднесува:

- документ дека инвеститорот е регистриран согласно со одредбите од Законот за трговски друштва при Централниот регистар на Република Северна Македонија,
- планска програма со вклучено решение за услови за планирање на просторот изработена согласно со Законот за просторно и урбанистичко планирање,
- список на индикации за катастарските парцели и вкупна површина на шуми и шумско земјиште во планскиот опфат издаден од Агенцијата за катастар на недвижности,
- геодетски елаборат со нумерички податоци изработен од овластен геодет, кога со планскиот опфат се зафаќаат шуми и шумско земјиште кое влегува како дел од катастарска парцела и
- документ за платен надоместок за трајна пренамена на шума и шумско земјиште од инвеститорот кој го издава Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Национални шуми“ или другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја.

(3) По исклучок од ставот (2) на овој член, за изградба на објекти од јавен интерес утврден со закон како линиски инфраструктурни градби, јавен пат, железничка инфраструктура, далновод, нафтовод, гасовод и други објекти кои можат да бидат надземни и подземни, инвеститорот кон барањето за добивање на согласност за трајна пренамена поднесува:

- документ дека инвеститорот е регистриран согласно со одредбите од Законот за трговските друштва, од Централниот регистар на Република Северна Македонија,
- планска програма одобрена согласно со Законот за урбанистичко планирање,
- список на индикации за катастарските парцели и вкупна површина на шуми и шумско земјиште во планскиот опфат издаден од Агенцијата за катастар на недвижности и
- геодетски елаборат со нумерички податоци изработен од овластен геодет, кога со планскиот опфат се зафаќаат шуми и шумско земјиште кое влегува како дел од катастарска парцела.

(4) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството по службена должност ќе обезбеди документ дека инвеститорот е регистриран согласно со одредбите од Законот за трговски друштва при Централниот регистар на Република Северна Македонија.

(5) За реализирање на активностите за трајна пренамена за изградба на објекти од јавен интерес утврден со закон како линиски инфраструктурни градби, јавен пат, железничка инфраструктура, далновод, нафтовод, гасовод и други објекти кои можат да бидат надземни и подземни, инвеститорот врши теренско обележување на трасата на површината која е предвидена за градба и, доколку теренот не е пристапен претходно гради пристапен пат за сеча, дотур и превоз на дрвната маса.

(6) Сечата, дотурот и превозот на дрвната маса од земјиштето предмет на трајна пренамена за изградба на објектите од ставот (5) на овој член, ги врши Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми" преку вработени лица или преку ангажирање на правни лица кои поседуваат лиценца за извршување на шумскокултурни работи за активностите на сеча и дотур од страна на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми", согласно со важечкиот ценовник на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми" по претходно добиена согласност од Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

(7) За активностите од ставот (6) на овој член, инвеститорот плаќа надоместок согласно со членот 15-а од овој закон, по извршена сеча, дотур и превоз на дрвната маса, согласно со записник за примопредавање меѓу претставници од Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми", Државниот инспекторат за шумарство и ловство и инвеститорот.

(8) Посечената дрвна маса од ставот (7) на овој член се предава во сопственост на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми".

(9) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството по барањето од ставот (1) на овој член во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето донесува решение за трајна пренамена на шума и шумско земјиште.

Известување за извршената ознака за сеча

Член 64

(1) Субјектите кои стопанисуваат со шумите без оглед на сопственоста и намената и сопствениците на приватни шуми кои имаат донесено посебни планови или програми, односно поседуваат шума над 30 ха, за извршената ознака за сеча од членот 62 од овој закон се должни да го известат шумарскиот инспектор во рок од 15 дена од денот на завршувањето на извршената ознака за сеча.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член за извршената ознака за сеча согласно со членот 62 став (7) од овој закон, не се известува шумарскиот инспектор.

(3) Не може да се врши сечата од ставот (1) на овој член, ако ознаката за сеча не е извршена на целата површина од одделот/пододделот и ако не е извршен преглед на ознаката за сеча од овластен шумарски инспектор.

(4) По исклучок од ставовите (1), (2) и (3) на овој член, субјектите кои стопанисуваат со шуми без разлика на намената на шумите, а согласно со извршената ознака од членовите 62 и 63 од овој закон, за површини надвор од шума како пасишта, земјоделско и градежно земјиште обраснато со висока вегетација, се должни да го известат Државниот инспекторат за шумарство и ловство, во рок од пет дена од денот на завршување на извршената ознака за сеча.

(5) Државниот инспекторат за шумарство и ловство по извршената контрола на ознаката од ставот (4) на овој член, во рок од три дена издава одобрение за сеча на субјектот што стопанисува со шуми. Откуп, преработка и промет на дрво и дрвни сортименти.

Откуп, преработка и промет на дрво и дрвни сортименти

Член 70

(1) Забранет е откуп, преработка и промет на дрво и дрвни сортименти кои не се жигосани и снабдени со испратница.

(2) По исклучок од ставот (1) на овој член може да се врши откуп, преработка и промет на шумски отпад/отпад после сеча по претходно доставена и одобрена Програма за обработка на шумски отпад/отпад после сеча од органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(3) Програмата од ставот (2) на овој член особено ги содржи следниве елементи: шумскостопанска единица, предвидени активности со посебниот план за стопанисување со шумите, локација, дрвен вид, дрвна маса, количина, технолошка постапка и начин и рокови за извршување на сите предвидени работи.

(4) Програмата од ставот (2) на овој член мора да биде усогласена со посебниот план за стопанисување со шумите, состојбата на шумата на терен и количините на шумски отпад/отпад после сеча која е предмет на обработка, по количина и квалитет.

(5) Програмата од ставот (2) на овој член се изработува за оддел/пододдел, односно за повеќе оддели во границите на една шумскостопанска единица.

(6) Програмата од ставот (2) на овој член ја изготвува корисникот, односно сопственикот на шумата најдоцна до 31 декември во тековната за наредната година и се доставува на одобрување до органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.

(7) Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми “Национални шуми “и другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја се должни прометот на дрво и дрвни сортименти да го вршат преку времени шумски складови и постојни регистрирани складови во урбана/населена средина.

(8) Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми “Национални шуми “ и субјектите кои управуваат со заштитените подрачја, прометот на дрво и дрвни сортименти на времени шумски складови во рамките на шумскостопанските единици ќе го вршат на големо со јавна и транспарентна постапка, а на постојаните складови во урбана/населена средина ќе вршат промет на големо и мало.

(9) Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми “Национални шуми “ и субјектите кои управуваат со заштитените подрачја можат да склучат долгорочни договори (на 10 и повеќе години) за снабдување со суровина со субјектите кои ќе произведуваат енергија од обновливи извори (зелена енергија).

(10) Дрвната маса за суровина за зелена енергија предмет на долгорочните договори треба да биде од дрво за хемиска преработка, отпад после сеча, како и натрули и трули стебла, пенушки, корења, гранки, прозуктна дрвната маса од прореди на вештачки подигнати насади, врвни делови од четинари и друга дрвна маса од која не можат да се произведат стандарни сортименти.

(11) Дрвото и дрвните сортименти на времените шумски складови и складовите мора да бидат издвоени по дрвни видови, дрвни сортименти (техничко или огревно дрво) и наредени во фигури по класи и квалитет на сортиментите.

(12) Класирањето на дрвото и дрвните сортименти на складовите (времени и постојани) ги врши стручни лица од областа на шумарството – дипломиран шумарски инженер од насока шумарство со работно искуство од најмалку две години.

(13) По исклучок од ставот (7) на овој член, Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „ Национални шуми “ и другите субјекти задолжени да управуваат со заштитените подрачја можат да вршат продажба на дрво и дрвни сортименти на корен и собирање на шумски отпад/отпад после сеча со издадено решение од Државниот инспекторат за шумарство и ловство при вонредни сечи на опожарени површини, површини зафатени со ветроломи, ветроизвали, снеголоми и снегоизвали, прореди на култури, прочистување на траси на проектирани шумски патишта, осветлување на шумски патишта,

противпожарни просеки, прочистување на граничен појас, прочистување на траси за изградба на далекoводи, чистење на пренаменети површини за користење (експлоатација) на минерални суровини, чистење на шумската вегетација во акумулациониот простор од хидроенергетските системи, како и за собирање на шумски отпад/отпад после сеча од делови од стабла кои останувaат во шумата по редовни или вонредни сечи суви стебла настанати како резултат на влијанието на биотски, абиотски и антропогени фактори, како и да можат да вршат продажба на дрво на корен и на правни лица доколку дрвната резерва на зрелите насади предвидени за сеча е под 50 м3/ха (неочувани нискостеблени насади).

(14) Забрането е да се врши преработка на дрво и дрвни сортименти во постројки за механичка преработка на дрвото, ако дрвото не е жигосано и снабдено со испратница на начин утврден согласно со овој закон.

(15) Сопственикот на постројката за механичка преработка на дрвото и дрвните сортименти е должен дрвото и дрвните сортименти по приемот да ги евидентира во посебна Книга за водење на евиденција на дрвото и дрвните сортименти примени за преработка во постројката за механичка преработка на дрвото.

(16) Формата и содржината на програмата за обработка за шумски отпад/отпад после сеча и Книгата за водење на евиденција на дрвото и дрвните сортименти примени на преработка во постројки за механичка преработка на дрвото ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на шумарството.